Архивски број: 08-605/6
Датум: 11.11.2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-605/1, поднесена од ----------, за заштита од дискриминација врз основа на попреченост, во областа на јавно информирање и медиуми и други области определени со закон – социјални мрежи, против ----------, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/2020), го донесе следното:

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на попреченост, сторено од ---------- со објавување видео-содржина на социјалната мрежа TikTok, во која карактеристики поврзани со слепило, глувост и неможност за говор се прикажуваат преку карикирање и имитација како носечки елемент на хумористичната содржина, придружена со наслов „Слеп, глув и нем!“, со што, во конкретниот контекст, се повредува достоинството и се придонесува кон создавање понижувачка и навредлива средина кон лицата со попреченост.

О б р а з л о ж е н и е

Од поднесената претставката произлегува дека подносителката ----------, лице со попреченост во видот, реагира на видео објавено на социјалната мрежа TikTok од ----------. Таа наведува дека во видеото се прикажуваат и исмеваат лица со попреченост преку карикирање на „глуво, слепо и немо лице“, дека ваквата содржина ја доживеала како понижувачка и дискриминаторска и дека со неа се придонесува кон ширење предрасуди, стигма и потсмевање кон лицата со попреченост. Во претставката се бара Комисијата да ја оцени содржината и да постапи согласно своите надлежности. Како доказ е приложена снимка/приказ од спорната TikTok објава. Од неа е видливо дека објавата е претставена како хумористична содржина, со текст „Слеп, глув и нем! 😂“.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по претставката до ----------.

Во поднесокот за произнесување, ---------- наведува дека видеото е креирано како забавен формат/тренд кој се користи на социјалните мрежи на меѓународно ниво и во кој лицата преземаат различни улоги, со намера да се прикажат потешкотии во комуникацијата, соработката и меѓусебната помош. Според него, пораката била дека со поддршка, разбирање и соработка можат да се надминат секојдневните бариери и да се поттикне поголема емпатија и вклученост во општеството. Тој дополнително

наведува дека прикажувањето не било насочено кон достоинството или личните карактеристики на лицата со попреченост и изразува жалење доколку содржината била доживеана на начин што предизвикал вознемиреност или чувство на повреденост.

По разгледување на претставката, приложените докази, односно спорната видео – содржина, како и произнесувањето на ----------, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го утврди следното:

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при носење на одлуката го ценеше контекстот и содржината на видеото, текстуалната ознаката на објавата и визуелниот и изведбен контекст на видеото, односно начинот на кој карактеристики поврзани со попреченоста се имитираат и карикираат за да се постигне комичен ефект.

Согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторска основа кое има за цел или последица повреда на достоинството или создавање застрашувачка, непријателска, понижувачка или навредлива средина. Оттука, за утврдување вознемирување не е нужно да се докаже дискриминаторска намера. Законски релевантна е и последицата на постапувањето, оценета во конкретниот контекст.

При оценувањето дали ваквата содржина претставува дискриминаторско вознемирување, од суштинско значење не е само дали авторот имал намера да навреди, туку пред сè дали постои врска меѓу постапувањето и заштитена дискриминаторска основа и **дали содржината, според својата форма, контекст и ефект, е способна да го повреди достоинството или да создаде застрашувачка, непријателска, понижувачка или навредлива средина за лицата кои ја поседуваат таа карактеристика.** Во конкретниот случај постои јасна и непосредна врска меѓу спорната содржина и заштитената основа – попреченост. Попреченоста не е споредна или случајна околност во видеото, туку централен елемент на хумористичната поставеност. Самото означување на содржината со „Слеп, глув и нем! “, во комбинација со имитирањето и карикирањето на карактеристики поврзани со слепило, глувост и неможност за говор, ја поставува попреченоста во позиција на извор на комичен ефект.

Комисијата го ценеше наводот на ---------- дека целта на видеото била да се прикажат бариерите со кои се соочуваат лицата со попреченост и да се поттикнат емпатија, разбирање и меѓусебна помош. Сепак, при оценката на вознемирувањето, **декларираната намера на авторот не е единствениот и одлучувачки критериум.** Потребно е да се оцени пораката што објективно се пренесува преку формата и содржината на објавата и начинот на кој таа може да биде разбрана од публиката и од припадниците на заштитената група.

Во спорното видео, **елементите на попреченоста се користат како средство за создавање хумор** преку имитација и карикирање. Во таков контекст, дури и кога авторот тврди дека сакал да прикаже меѓусебна помош или надминување бариери, комичната рамка може да ја потисне или неутрализира таквата порака и да остави доминантен впечаток дека карактеристиките на лицата со попреченост сами по себе се предмет на шега. Токму тоа создава ризик од зацврстување на стереотипите и од нормализирање на потсмевањето кон лицата со попреченост.

Фактот дека сличен видео-формат постои во други држави или е дел од меѓународен тренд на социјалните мрежи не ја менува оваа оценка, иако Комисијата, при постапувањето најде слични видеа на различни јазици. Распространетоста, популарноста или претходното постоење на одреден формат не значи дека неговото повторување автоматски е лишено од дискриминаторски ефект. За оваа постапка релевантна е конкретната одлука спорната содржина да биде преземена, пресоздадена или објавена пред домашната публика и ефектот што таквото објавување може да го произведе врз достоинството на лицата со попреченост.

Комисијата при оценката го има предвид и **поширокиот општествен контекст во кој лицата со попреченост историски и во современото општество се соочуваат со стереотипизација, потценување, сожалување, потсмевање и сведување на нивната личност на попреченоста.** Во таков контекст, јавната употреба на слепилото, глувоста или неможноста за говор како средство за комичен ефект има зголемен потенцијал да придонесе кон понижувачка и навредлива средина, дури и кога содржината е претставена како забава.

Во оваа насока релевантни се и **стандардите на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост**, особено обврската за подигнување на свеста, борба против стереотипите, предрасудите и штетните практики во однос на лицата со попреченост и поттикнување медиумите да ги претставуваат лицата со попреченост на начин усогласен со достоинството и целите на Конвенцијата. Овие стандарди се важни при оценувањето дали јавната комуникација придонесува кон инклузија или, обратно, ги репродуцира токму стереотипите од кои лицата со попреченост треба да бидат заштитени.

Комисијата ја има предвид **слободата на изразување** и фактот дека хуморот, сатирата и пародијата уживаат широка заштита. Сепак, слободата на изразување не е апсолутна. При нејзиното балансирање со правото на достоинство и еднаквост, потребно е да се земат предвид содржината и формата на изразувањето, контекстот, начинот и опфатот на ширење, положбата на засегнатата група и потенцијалните последици од пораката. Самото означување на содржината како „хумор“ не ја исклучува примената на антидискриминациската заштита.

Јавниот карактер на објавата е дополнително релевантен. Содржината е објавена на TikTok, социјална мрежа што овозможува лесно, брзо и широко ширење, споделување, репродуцирање и создавање нови верзии на содржината. Поради тоа, нејзиното дејство не се исцрпува во односот меѓу авторот и подносителката, туку може да влијае

врз поширокаата општествена перцепција за лицата со попреченост и да придонесе кон средина во која нивните карактеристики се третираат како прифатлив предмет на потсмевање.

Субјективното доживување на подносителката, која како лице со попреченост во видот навела дека содржината ја повредила и ја доживеала како понижувачка, е релевантна околност, но Комисијата својата одлука не ја заснова само врз нејзината лична реакција. Одлучувачка е целокупната објективна оценка на содржината, употребената форма, поврзаноста со заштитената основа и способноста на таквата јавна комуникација да создаде понижувачка или навредлива средина за лицата со попреченост како група.

При оценката на конкретниот случај Комисијата ги има предвид и **стандардите на Европскиот суд за човекови права во однос на заштитата на достоинството на лицата со попреченост** и нивната заштита од понижувачко, стигматизирачко и дискриминаторско постапување.

Во предметот Đorđević v. Croatia (бр. 41526/10), Европскиот суд за човекови права постапувал по случај на лице со физичка и интелектурална попреченост кое подолг временски период било изложено на физичко и вербално вознемирување и понижување. Судот утврдил дека надлежните органи не обезбедиле соодветна заштита и нагласил дека систематското вознемирување на лице со попреченост, особено кога е насочено кон неговата ранливост и достоинство, може да достигне степен на деградирачко постапување и да активира позитивни обврски на државата за негово спречување и заштита. Овој стандард е релевантен и во антидискриминациски контекст, бидејќи укажува дека повторуваното исмевање и понижување на лица поради нивната попреченост не може да се третира само како непријатно или несоодветно однесување, туку како постапување кое може да го засегне нивното достоинство и интегритет.

Во предметот National Youth Council of Moldova v. the Republic of Moldova (бр. 15379/13), Европскиот суд за човекови права разгледувал визуелна содржина во која биле употребени карикатури што прикажувале негативни стереотипи за Ромите и лицата со попреченост. Судот прифатил дека ваквите визуелни претстави можат да содржат негативни стереотипи, но во конкретниот случај особено го ценел фактот дека станувало збор за јасно препознатлива антидискриминациска кампања, насочена кон поттикнување на лицата да ги препознаат и пријават случаите на дискриминација, а не кон нивно исмевање, понижување или стигматизирање. Оттука, при оценката дали одредена содржина има дискриминаторски карактер, од суштинско значење се не само формата и визуелниот приказ, туку и непосредниот контекст, целта, пораката и објективниот ефект на содржината.

Во поновата пракса, во предметот **Clipea and Grosu v. the Republic of Moldova** (бр. 39468/17), Судот дополнително нагласил дека постапување засновано на општи стереотипи за лица со интелектуална попреченост може да претставува дискриминаторски третман по член 14 од Конвенцијата.

Применето на конкретниот случај, Комисијата оцени дека предметното видео не содржи јасно издвоена едукативна или антидискриминациска порака со која се разобличуваат предрасудите кон лицата со попреченост. Напротив, употребата на изразот „Слеп, глув и нем!", придружен со смеачки емотикон, како и визуелното имитирање на состојби поврзани со попреченост, се поставени во хумористичен контекст во кој токму карактеристиките поврзани со попреченоста претставуваат носител на комичниот ефект. Поради тоа, тврдењето на авторот дека целта била подигнување на свеста не може да се цени изолирано од објективниот ефект и начинот на кој содржината е презентирана на јавноста.

Имајќи ги предвид содржината и формата на спорното видео, јасната врска со заштитената основа – попреченост, користењето на карактеристики поврзани со слепило, глувост и неможност за говор како носечки елемент на хумористичниот ефект, јавниот карактер и опфатот на објавата, како и нејзиниот потенцијал да ги репродуцира и зацврсти стереотипите кон лицата со попреченост, Комисијата оцени дека во конкретниот случај се исполнети елементите на вознемирување како форма на дискриминација во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **вознемирувањето претставува несакано постапување** кон лице или група лица врз дискриминаторска основа кое има за цел или последица повреда на достоинството или создавање застрашувачка, непријателска, понижувачка или навредлива средина.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---------- да ја отстрани спорната видео-содржина од својот профил на социјалната мрежа TikTok, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---------- јавно да се извини на за содржината со која се повредува достоинството на лицата со попреченост, на истиот профил од кој била објавена спорната содржина, **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---------- во иднина да се воздржува од јавно објавување содржини во кои попреченоста или карактеристики поврзани со попреченоста се користат на начин што деградира, понижува или стереотипизира лица или групи и може да создаде застрашувачка, непријателска, понижувачка или навредлива средина.

Доколку ---------- не постапи согласно овие препораки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседателка
Флора Кадриу

Доставено до: